Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2025 година.

Бр. 08-1315/1
25 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието на
Република Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), во член 76 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Во случај кога минералната суровина се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територијата на друга општина, од општината на чија територија се врши концесиската дејност, концесискиот надоместок од членот 75 став (1) алинеја 2 од овој закон, Владата со одлука го распределува помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.“.

Ставовите (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (8), (9), (10) и (11).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.